Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на парични средства на општина Делчево.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09-1181/1**
**12.06.2023 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**Димчо Атанасовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Советот на општина Македонска Каменица на 23[та] (вонредна) седница одржана на ден 12.06.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За одобрување на парични средства на општина Делчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Македонска Каменица одобри парични средства за санација на штетата настаната од невремето кое го зафати подрачјето на општина Делчево на ден 08.06.2023 година.

**Член 2**

Од Буџетот на општина Македонска Каменица од Програма А0, ставка 464, потставка 464990 – други трансфери, ќе се исплатат парични средства во износ од 600.000,00 денари на донаторската сметката отворена од страна на општина Делчево со број 7200140320785N3 приходна шифра 744111 програма 00, ЕДБ 4009005108618.

**Член 3**

Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Број 08-1182/1**
**12.06.2023 г.**
**М.Каменица**

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Анета Стојчевска с.р**

# С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на парични средства на општина Делчево..............................................................................................................................стр.1

2. Одлука за одобрување на парични средства на општина Делчево.............................................стр.1

3. Содржина………………………………………………………………………......................................стр.2